**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**С К О П Ј Е**

# I. ПОКАНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПОНУДА

Почитувани,

Министерството за финансии, со адреса на ул.”Даме Груев”, бр.14 – Скопје, има потреба од набавка на архивски метални ормани.

За таа цел, договорниот орган спроведува постапка со барање за прибирање на понуди со претходно објавување на оглас која ќе заврши со спроведување на електронска аукција, во согласност со член 100 став 1 алинеја 2 и член 121 став 1 алинеја 1 од Законот за јавните набавки (”Службен весник на Република Македонија“ бр.136/07, 130/08, 97/10 и 53/11), за што објави оглас број 04-1/2011.

Ги покануваме заинтересираните економски оператори да ни достават понуда за горенаведениот предмет на договорот за јавна набавка најдоцна до 14.10.2011 година, до 12:00 часот на горната адреса или директно во писарницата на Министерството за финансии што се наоѓа на ул."Мито Хаџивасилев Јасмин" бб (поранешна НИП"Нип Нова Македонија".

Во прилог на оваа покана е тендерската документација која ги содржи сите информации кои ќе помогнат за изработка на понудата. Тендерската документација се состои од следните делови: инструкции за економските оператори, технички спецификации, модел на договор и образец на понуда.

Заинтересираните економски оператори можат да ја подигнат тендерската документација преку ЕСЈН достапен преку веб страницата https://www.e-nabavki.gov.mk.

Тендерската документација може да се земе без надоместок.

Тендерските документи се достапни на македонски јазик.

Лица за контакт во врска со предметот на набавката:

- Дејан Николовски, тел. 02 3106-381,

  електронска адреса: dejan.nikolovski@finance.gov.mk

- Панче Чоневски, тел.02 3106-407,

  електронска адреса: pance.conevski@finance.gov.mk

Јавното отворање на понудите, во присуство на понудувачите, ќе се изврши на 14.10.2011 година во 12,00 часот, во Министерството за финансии на Република Македонија, I кат, во салата за состаноци, ул. "Мито Хаџивасилев Јасмин" бб. Скопје.

При спроведувањето на постапката со барање за прибирање понуди, како последна фаза во постапката ќе се користи електронска аукција согласно со член 121 од Законот за јавните набавки.

Комисијата за јавни набавки кај договорниот орган ќе изврши целосна евалуација на способноста и на првичните понуди на понудувачите согласно со условите и критериумите наведени во тендерската документација. По првичната евалуација на понудите се генерира ранг листа на прифатливи понудувачи кои договорниот орган ќе ги покани да учествуват во електронската аукција.

Во прилог кон понудата понудувачите се должни да достават и банкарска гаранција за учество во висина од 3% од вкупната вредност на понудата без пресметан данок на додадена вредност.

Однапред благодариме на соработката.

Во Скопје, 28.09.2011 година

Комисија за јавни набавки
Претседател

____________________________

/Јордан Трајковски/